# Презентација на проектот COBISS.Net во Тирана, 23 јуни 2009 г.

Локација: Конгресна сала на Политехничкиот универзитет
Модератор: Петро Луараси
Број на учесници: повеќе од 130





Проектот COBISS.Net, како пример на меѓународна развојна соработка со државите од Западен Балкан, во целина го претстави директорот на ИЗУМ, м-р Томаж Сељак. За пошироките аспекти на соработка на Словенија и Албанија говореа амбасадорот на Република Словенија во Македонија, Ален Брајан Бергант и амбасадорот на Република Албанија во Словенија, Сандер Ковaци. За значењето на проектот COBISS.Net за академската групација во Албанија, од името на ректорската конференција говореше нејзиниот претседател и ректор на Политехничкиот универзитет во Тирана, Јорго Кацани. Во продолжението, во своите обраќања кон собирот, проектот го поддржаа претставниците од Министерството за образование и наука и од Министерството за туризам, култура, младина и спорт. Заедничката мисла на сите говорници беше очекувањето дека во мрежата COBISS.Net наскоро ќе бидат вклучени и библиотеките во Албанија. Медиумите му посветија посебно внимание на овој настан.